Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи пречистен текст Објавен во („Службен весник на РМ“ број 167/2015 и измена и дополнување на ЗРО на РМ број 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на РСМ“ број 110/2019), член 3 став 1, член 4, член 5, член 6 и член 26 став 1 од Колективниот Договор на ЖРСМ Транспорт АД - Скопје, Мислење на Министерство за финансии бр. 18-1496/2 од 03.02.2020 година и Одлука за вработување на работници на определено време од ЖРСМ Транспорт АД Скопје број 322/1 од 04.02.2020 година, ЖРСМ Транспорт АД - Скопје, објавува

# Ј А В Е Н   О Г Л А С

За потреба од засновање на работен однос со 32 (триесет и два) работника за извршување на работи на определено време, во ЖРСМ Транспорт АД - Скопје.

Кандидатите, покрај општите услови утврдени со закон, треба да ги исполнуваат посебните услови за пополнување на следните работни места:

1. 5 (пет) извршители на работно место Машиновозач - приправник, во Единица Лисиче во РЕ Влеча во Подружница за влеча на возови, со средна стручна подготовка IV степен - машиновозач, да ги исполнува потребните здравствени услови за машиновозач утврдени во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за утврдување на физичката и психолошката способност, начинот на нивното утврдување, проверките и роковите за редовен и вонреден здраствен преглед на машиновозач (Сл.весник на РМ бр.136/13), без работно искуство, за кое работно место приправничката нето плата изнесува 14.623,00 денари.
2. 8 (осум) извршители на работно место Кондуктер – приправник, во РЕ Скопје, во Подружница за патнички сообраќај, средна стручна подготовка, IV степен, насока сообраќајна-транспортна, железничка и општа, да ги исполнува потребните здравствени услови за железнички работник утврдени во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за утврдување на физичката и психолошката способност, начинот на нивното утврдување, проверките и роковите за редовен и вонреден здраствен преглед на другите железнички работници (Сл.весник на РМ бр.136/13), без работно искуство, за кое работно место приправничката нето плата изнесува 13.059,00 денари.
3. 2 (два) извршители на работно место Благајник на билети – приправник, во РЕ Скопје, во Подружница за патнички сообраќај, средна стручна подготовка, IV степен, насока сообраќајна-транспортна, комерцијална-железничка и општа, без работно искуство, за кое работно место приправничката нето плата изнесува 12.436,00 денари.
4. 1 (еден) извршител на работно место Благајник на билети – приправник, во РЕ Велес ст. Велес, во Подружница за патнички сообраќај, средна стручна подготовка, IV степен, насока сообраќајна-транспортна, комерцијална-железничка и општа, без работно искуство, за кое работно место приправничката нето плата изнесува 12.250,00 денари.
5. 1 (еден) извршител на работно место Благајник на билети – приправник, во РЕ Велес ст. Гевгелија, во Подружница за патнички сообраќај, средна стручна подготовка, IV степен, насока сообраќајна-транспортна, комерцијална-железничка и општа, без работно искуство, за кое работно место приправничката нето плата изнесува 12.250,00 денари.
6. 3 (три) извршители на работно место Хигиеничар, во Одделение за патнички сообраќај, во Сектор за патнички сообраќај, со средна стручна подготовка IV степен или основно образование I степен, насока општа, без работно искуство, за кое работно место нето плата изнесува 12.961,00.
7. 5 (пет) извршители на работно место Маневрист-приправник, во РЕ Трубарево, Скопје-Југ, во Подружница за товарен сообраќај, средна стручна подготовка, III степен, насока сообраќајна-транспортна, железничка и општа, да ги исполнува потребните здравствени